СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1628/2021

Дата: 09. 11. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Брвеница ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница.**
Предметниот опфат е со површината 0,52 Ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y26521** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.
5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација при изградбата на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Брвеница, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 38258, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1628/2021 од 01.11.2021 година.

Услови за планирање на просторот **за изградба на згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица на КП 933 и КП 934, КО Челопек вон гр, Општина Брвеница** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска